Антоанела ПЕТКОВСКА

# УМЕТНОСТА-ПАРАДИГМА ЗА ХУМАНИЗМОТ, ДА ИЛИ НЕ?

Ноторен е фактот за историскиот развој на уметноста, во кој се менувал статусот и значењето на феноменот. Исто толку е неоспорно, дека дури и епохите во кои уметноста достигнала високо општествено признание (така некои епохи на културниот и историскиот развој на човештвото ги препознаваме преку врвните достирели во уметничкото творештво), во суштина не ги применувале истите критериуми за нејзино вреднување во споредба со другите полиња на општествената егзистенција и културното творештво.

Во своите прапочетоци уметноста бил директно врзана за реалните предизвици на егзистенцијата и не можела објективно да биде одделена како посебна форма на човечка пракса, како што впрочем бил случајот и со другите општествени феномени. Оттаму го поминала патот на трансформација на својата улога до она место од каде таа се дефинира како „еманација на човековиот дух“, најчовечка од сите активности, сублимација на сестраноста на имагинативната моќ на човекот, фантазмагорично пресоздавање, односно создавање на светот.

Суштествено антрополошката природа на уметничката креација, нејзината способност да ги апсорбира, да ги ангажира и да ги покрене сите човекови способности е веројатно оној фактор што допринел да се мистифицира нејзиното значење, некогаш до степенот на дивинизација. Човекот, впрочем, се чувствува божествено таму каде што се, барем навидум, исполнети претпоставките за неговото сестрано и слободно делување. Таа како да ги решава, или создава привид на решавањето на проблемот на некои парадокси на човековата егзистенција: дискрепанцата помеѓу материјалното и духовното, рационалното и емоционалното, сознавањето и создавањето. Имајќи предвид дека уметноста претставува чест синоним за безвременото траење, што човекот го доближува до неговото болно тежнеење кон вечноста, не зачудува фактот што таа се користи како парадигма за човечноста, човекувањето. Сите овие нејзини определби ја прават при-

мамлива како пробен камен за секоја нова тенденција во историјата на човековата култура и општество. Се чини дека особеностите на нејзиното профилирање, нејзиното влијание и улога, во секоја одделна епоха, најмногу говорат за човековите достигања, потреби и тежнеења.

Тука, меѓутоа лежат и причините на нејзината демистификација. Имено, очигледноста на нејзиното манифестирање во рамките на културата и општеството, рамки кои исто така впрочем го определуваат човекот како специфично живо суштество. Нејзината поврзаност со вистинскиот живот и неговиот тоталитет е многукратна и се изразува исто така како тотален феномен, а произлегува од нејзината особена структура и динамика. Иако динамиката на уметничкото создавање не коинцидира нужно со општествената динамика, таа живее со своето време и гради дел од својата базична структура во релација со некои основни културни и општествени вредности на дадено време и простор.

Историјата и теоријата на уметноста покажуваат дека демистификацијата на уметноста се случува во оној миг кога таа почнува да се преведува на јазикот на економијата, политиката, идеологијата, техниката, технологијата, науката: низ призмата на пазарните механизми, интересите на формалните или неформални општествени групи, моќта, власта, општествената контрола, медиумите. Ова, се чини, е мошне карактеристично и евидентно во изострена форма во нашето современие. Низа показатели кои го обележуваат битието на уметничкото творештво од почетокот па сé до најновите датуми на овој век, говорат во прилог на оваа теза: авангардните движења од крајот на минатиот и особено почетокот на овој век, идеите за демократизација на уметноста, претскажувањето на крајот на уметноста, прифаќањето на грдото во уметноста, нејзината идентификација со грубата секојдневна стварност, нејзината фасцинација од научните достигања, од техниката и технологијата, реификацијата на уметничкото дело, идеолошко-политичка манипулација со и преку уметноста, сфаќањата за уметничката креација како конструкција и деконструкција на стварноста и на самиот уметнички производ, уметноста како симулација, репродукција на уметноста итн.

Основните и најочигледни предизвици со кои се соочува уметноста денес, така, можат да се дефинираат низ неколку аспекти (од кои некои не и се непознати на севкупната историја на уметноста, но тука добиваат поинаква, поспецифична димензија): односот помеѓу политичката моќ и уметничкото творештво; механизмите на економската моќ и уметничкиот производ; импактот на новите технологии, новите начини на комуникација, врз уметничкиот феномен; репродукцијата на уметноста и популарната уметност; етноцентризмот од една страна

и космополитизмот на уметничкиот феномен од друга страна. Притоа, неопходно е да се нагласи суштинската поврзаност на сите овие релации во структурата и динамиката на општествениот живот.

Од тој аспект, условно, како најактуелен можеме да го одделиме моментот на потрагата по медиуми за комуникација и креација кои уметноста на денешнината многу често ги бара и ги пронаоѓа во електронските медиуми, информатичките системи, односно во новите техники и технологии што брзо и лесно се раѓаат и се развиваат. Почнувајќи од видео-артот, компјутерската уметност, што овозможуваат едно пософистицирано ниво на уметничка креација отколку што е тоа случај само со промените во техниките на создавањето. Можностите на холограмската слика, виртуелната реалност како мечтовидна симулација на стварноста, трансферирани низ кибер-просторите или информатичките мрежи, во кои навидум секој има пристап и во кои навидум секој може да го доживее, но и да го надгради креативниот чин, е фасцинацијата со која се соочува уметноста на денешнината. Усовршувањето на техничките можности со кои и низ кои креативниот чин е обземен од илузијата на маѓионичарството, споделувањето на јазикот на уметноста со јазикот на науката е дополнителен елемент на оваа нова тенденција во процесот на креацијата.

Имајќи предвид колкави се манипулативните моќи (политички, економски и културни) на новите технологии и системи за комуникација, чија најнова врвна вредност-фетиш е информацијата, останува запрашаноста дали со ова уметноста сака да го примени и да го испроба врз себе стариот, добар поим на прогресот, кој во историјата не се врзувал за уметноста? Или, едноставно ги впива, можеби ги обликува и предизвикува специфичностите на егзистенцијата на своето време?

Она што меѓутоа е факт, со кој неминовно и истовремено се соочува нашата цивилизација е, дека, ваквиот пристап во уметноста и културата, поради сите апсурдни собитија кои и се случуваат, не го овозможува повторно она кон што е можеби насочен целиот проект: имено, сите на еднаков начин сеуште не ја споделуваме таа егзистенција.

Antoanela PETKOVSKA

## THE ART TODAY - HUMANISM PARADIGM , YES OR NO?

(Summary)

The basic problem addressed in this paper regards the relationship between the relevant contemporary processes and phenomena in the society and culture on the one hand, and art on the other. In this case art is understood as an inherently human activity and as possibilities for a full expression of human potential. Therefor the situation in the field of artistic creation is believed to be of special significance for the revelation of an essentially human dimension of other social and cultural phenomena with which it co-exists, especially in the fields of science, technology, politics and economics, together with the challenges which it faces today.